Врз основа на член 11, член 30 став 1 алинеја 2 став 3 и став 5, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20)и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2015 и 35/2018) ЈП Национална радиодифузија-Скопје објавува

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА
NDËRMARRJE PUBLIKE RADIODIFUZIONI NACIONAL
Бр.-Nr. 04-124212
22.03 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2020**

**ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК**

Се распишува интерен оглас за унапредување на административен службеник за следново работно место:

1. Реден број на работното место **24**, шифра ИНФ 01 02 В03 001, назив на работното место Самостоен соработник - салдо контист, Деловна единица економски, правни и општи работи – ЕПОР, Сектор за економски работи, Одделение за сметководство и финансии, **број на извршители: 1 (еден).**

**Општи услови :**

- да е државјанин на Република Северна Македонија
- да е полнолетен
- активно да го користи македонскиот јазик
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска да не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност
- да е оценет со оцена „А" или „Б" при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Посебни услови :**

- Ниво на квалификациите VI Б според Македонската рамка на квалификации и најмалку 180 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен, Економски науки;
- Најмалку 1година работно искуство во струката,

**Општи работни компетенции на средно ниво:**

- Решавање на проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- Учење и развој;
- Комуникација ;
- Остварување резултати;
- Работење со други – тимска работа;
- Стратешка свест;
- Ориентираност кон клиенти/засегнати страни;
- Финансиско управување.

**Посебни работни компетенции:**

- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- Ативно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија ( англиски, француски, германски).

**Распоред на работно време:**

Работни денови: понеделник – петок

Работни часови неделно:40

Работно време : Од 08:00 до 16:00 и 08:30 до 16:30.

**Месечна нето плата :** 28.985,00 денари.

Кандидатите потребно е да поднесат пријава на службената електронска адреса Kristina.dejanoska@jpmrd.gov.mk – Одделение за човечки ресурси .

Пополнетата пријава, како и доказите за податоците содржани во пријавата потребно е во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на интерниот оглас, во хартиена форма преку архивата на ЈП Национална радиодифузија-Скопје, да ги достави до Секторот за човечки ресурси.

Кон пријавата кандидатот може да приложи:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник)

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

**ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА- Скопје**
**ДИРЕКТОР**
**м-р Адмирим Алити**